РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 03-739/1
18 03 2015 год
КОЧАНИ

# Процедура на Општинската администрација на Општина Кочани за реализација на проектот: "Достапна администрација за лица со хендикеп"

**Член 1**

Со оваа процедура се пропишува начинот на обезбедување на достапност на услугите во општинската администрацијата за лицата со инвалидност, начинот на комуникација со лицата со инвалидност, обврските на одговорното лице за комуникација со лицата со инвалидност и евидентирање на дадените услуги во институциите во рамките на проектот **"Достапна администрација за лица со хендикеп".**

**Член 2**

Целта на проектот "Достапна администрација за лица со хендикеп" е создавање на услови во општинската администрација на општина Кочни, за лицата со инвалидност при остварување на нивните граѓански права и обврски, односно, полесен пристап до информации и услуги во одредена институција.

**Член 3**

Во Општинската администрација на Општина Кочани се назначени вработени лица кои се одговорни за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации, нивните права и обврски во одредената институција.

Одговорните назначени лица ја имаат поминато обуката реализиана од страна на ЈУ Завод за социјални дејности.

Преку обуката лицата стекнуваат знаења за правата на лицата со инвалидност согласно националната и меѓународната легислатива, начини за надминување на стеротиипии, предрасуди и дискриминација на лицата со инвалидност, видови на бариери со кои се соочуваат лицата со инвалидност, основни карактеристики на лицата со инвалидност и начини на комуникација согласно видот и степен на инвалидноста.

Обуките се реализираат согласно Програмата за проектот "Достапна администрација за лица со хендикеп" и информативниот материјал "Кодекс за однесување кон лицата со инвалидност", изготвени од ЈУ Завод за социјални дејности.

Одговорните и назначени лица се сертифицирани по завршена обука од проектот "Достапна администрација" издаден од Министерството за труд и социјална политика и Завод за социјални дејности.

**Член 4**

Податоците за овластените назначени лица се јавно објавени и достапни за лицата со инвалидност на огласната табла на институцијата и на интернет страницата www.kocani.gov.mk.

**Член 5**

Овластените назначени лица мора да бидат постојано достапни, во секое време, од работниот ден, и во зависност од потребите на лицето со инвалидност, неговите способности и можности да ги превземат сите потребни активности за реализирање на нивните барања во институцијата.

Одговорните лица во зависност од потребите на лицето со инвалидност може да воспостават директна комуникација, преку електронска пошта или телефон.

При комуникацијата со лицата со инвалидност да ги имаат во предвид насоките за комуникација содржани во **Кодексот за однесување кон лицата со инвалидност.**

Одговорните лица преку процесот на организациско учење должни се да го пренесат стекнатото знаење на останатите вработени во институцијата.

Одговорните лице се должни по остварувањето на граѓанските права, обврски и услуги на лицата со инвалидност, да ја пополнат **Листата за следење на бројот на инвалидни лица кои побарале асистенција при остварување на своите права,** содржана во Програмата за проектот "Достапна администрација за лица со хендикеп".

Одговорните лица во општинската администрација на Општина Кочани изготвуваат годишни извештаи за реализирањето на правата, обврските и услугите на лицата со инвалидност.

**Член 6**

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето.

**Градоначалник на**
**Општина Кочани**
**Ратко Димитровски**

____________________

Изготвил:
ДА